**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Бр.08-5608/26**
**28.10.2020 година**
**К а в а д а р ц и**

# З А П И С Н И К

За работата на 48-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 28.10.2020 година

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 48-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат 19 советници , отсутни нема.

Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 47-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден **25.09.2020** година.

Дали има забелешки по Записникот од 47-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 47-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.Едногласно,благодарам. Констатирам дека е усвоен Записникот од 47-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :

1. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година-Трет Квартал;
2. Предлог-Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2020/2021 (Зимска служба) ;
3. Предлог-Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци (партиципативно тело);
4. Предлог-Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Кавадарци;
5. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Урбана Единица -„1„ - дел од Блок 1.2, „Кожуфчанка„ - К.О.Кавадарци град, Општина Кавадарци, со плански период (2020-2025) ;
6. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Бојанчиште Општина Кавадарци (плански период 2018-2028) ;

7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти за усогласување на намените на бесправно изградени објекти со намените на земјиштето;
8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
9. Предлог-Одлука за давање на согласност за реализација на идејниот Проект,, Урбано зеленило - Парк и поставување на урбана опрема на КП.бр. 12497/1, КО Кавадарци ,, (споменик ,,Ќиро Крстев,,) ;
10. Предлог-Одлука за давање на донација - финансиски средства на Исламска Верска Заедница на Република Северна Македонија;
11. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движна ствар без надоместок на Исламска Верска Заедница на Република Северна Македонија (ревизија на основен проект);
12. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.13453/2 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање ;
13. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација на садници за пошумување и озеленување на Градот Кавадарци од Здружение на граѓани “4 X 4 X 4 БАЛКАНСКИ МОСТОВИ” Скопје;
14. Предлог-Одлука за примање на донација – движни ствари - Десктоп Компјутери од ДММ Дрекслмаjер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци и давање на трајно користење на движните ствари на СОУ и ООУ на територијата на Општина Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
16. Предлог-Одлука за изменува и дополнување на Одлуката за основање мешовита установа од областа на културата (Културно социјален простор Подиум-ЈАДРО);
17. Предлог-Решение за именување на членови во Управен Одбор на,,Културно социјален простор Подиум-ЈАДРО,, ;
18. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор ЈОУДГ,,Рада Поцева,, Кавадарци,, (совет на родители);
19. Измена на Годишен План за вработување за 2020 година на Локален Музеј Галерија Кавадарци, со арх.бр.01-141/2 од 16.10.2020 година, донесен од Директорот на Локален Музеј Галерија Кавадарци;

20. Одлука со арх.бр.02-1435/3 од 16.10.2020 година за одобрување на договор за кредит, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
21. Извештај за работењето на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци со арх.бр 03-1982/3 од 21.10.2020 година за период од 01.01.2020-30.09.2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 и 2022 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за едногласно, благодарам
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број

**22.** Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 и 2022 година;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за примање на донација – вибро ленти од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за едногласно, благодарам
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број

**23.** Предлог-Одлука за примање на донација – вибро ленти од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година(лекување)
Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за едногласно, благодарам
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број

**24.** Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година(лекување)

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :
-Предлог-Одлука за набавка на основни средства

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Кој е за едногласно, благодарам
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број**

25. Предлог-Одлука за набавка на основни средства.

Дали има други предлози за изменување и дополнување на денешниот дневен ред.Доколку нема целиот дневен ред го ставам на гласање.Дали има против и воздржани . Доколку нема констатирам дека е усвоен дневниот ред.
Преминуваме кон разгледување на дневниот ред.

Одиме редоследно со точките од дневен ред.

1.Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година-Трет Квартал;
Отварам расправа , дали некој бара збор.
**БОЖАНКА МИНОВА:** Почитуван Градоначалник, Претседателе, колеги советници, медиуми, сакам да направам еден осврт кон кварталниот извештај кој што ни е точка на дневен ред . Од извештајот констатирав дека приходната страна на буџетот која е планирана на 1 213 486 000 денари во редовните буџетски приходи имаме реализација од 503 000 000 денари, што е добро посебно во делот на даночните приходи, данок на доход, данок на добивка, данок на имот, данок на специфични услуги со 67% реализација, и во трансфери и донации со 61% реализација. Но има послаба реализација во неданочните приходи 9%, за капитални приходи 26%, што го прави вкупото реализирање на приходи помало и тоа 39% од редовните буџетски приходи. Тоа е во делот на приходите.

Во делот на раходите забележливо е дека се реализирани 532 000 000 или 43% од планираните. Највпечатлива е слабата реализација на капиталните раходи од планираните 514 000 000 реалчирани се 99 000 000 или во проценти 19,4%. Исто и во делот на субвенции и трансфери реализирани се 31 000 000 од планираните 60 000 000 или 51%.По програми забележлива е слаба реализција за изградна на улици и локални патишта каде што планирани се 168 000 000 . Генерално за намената капитални расходи реализирани се вкупно 100 000 000 денари од планирани 514 000 000 денари од кои за градежни објекти реализрани се 87% . Од анализата која што е направена преку податоците кои што ни се дадени од квартелниот извештај и анализата на приходи и расходи, укажува на потребата на објаснување од Градоначалникот за активностите кои што ке се направат за реализација на приходите и расходите за преостанатиот ден од фискалната година.И се работа дека доколку не се може да се постигне планираното , што верувам дека придонес има и кризата со која што се соочуваме подолг период ке издејствува и донесување на ребаланс на буџетот. Како и посебно во делот на расходите , да се реализраат намени на средства за санирање на буџетските средства од кризата пред се во здравството , кај ранливите социјални категории, исто така да се даде приодонес и намена на средствата во образованието и за подобрување на еколошката состојба во градот. Благодарам.

**РИСТО САКАЛИЕВ :** Благодарам колешке, доколку нема друг за збор објаснување ке даде претставник од сектор за финансии или Градоначалникот.

**ГРАДОНАЧАЛНИК :** Почитуван претседател на совет, советници, стручни служби , сограѓани на општина Кавадарци. Општина Кавадарци со овој трет квартален извештај го заокружува во една тешка година на Ковид 19, карантини, полициски часеви, нефункционирање ан економија и обпштесво, образовен систем, но тука морам да потенцирам и да се заблагодарам на досегашниот успех на цела општина а поготово на еве вас советниците, вработените во општината, вработените во детските градинки , во училиштата ,и др за нивното активно учество во справувањето со Ковид 19. Како што кажа и советничката Минова расходите не ни се зголемени по однос на непродуктивни трошоци , и ненаменски за дезинфекција, хигиена и сл во делот на Ковид 19 а тоа е благодарение на нашето добро менаџирање и вклучување на сите вработени во институциите кои што ги споменавме , сите наставници и професори, јавна администрација , јавни претпријатија, пожарникарите се вклучија доброволно на наше барање да вршат дезинфекција и да прават санитации на сите објекти во општина Кавадарци.

Пред два дена имавме кризен штаб каде што донесовме неколку заклучоци, пандемијата за жал се шири и во Општина Кавадарци зема поголем замав, Општата болница добро се справува со таа работа и донесена е одлука заедно со Министерството за здравство доколку има потреба да се прошируваат сите оддели за потребите на болните од Ковид 19. Заедно со бизнис секторот и бизнис заедницата успеавме да обезбедиме уште 40 боци со кислород и 40 регулациони вентили за регулација на самиот кислород за потребите на пациентите. Тоа не е мала инвестиција некаден околу 10тина илјади евра кошташе и тука пак испадна во пресрет бизнис секторот и преку црвен крст се обезбедени постелнини, кебиња, скафандери и мораме да го заштитиме и медицинскиот персонал во целост. Тука сакам да се заблагодарам на сите лекари и медицински лица во општина кавадарци, Општа болница и Здравствен дом дека несебично си ја вршат својата работа. Донесовме мерки дека продолжуваме со дезинфекцијата на сите јавни институции , колективните згради, скалишта , но и на сите јавни површини и продолжуваме со аеросединфекцијата , да се надеваме дека овој последен квартал кој што ни останува е исто така многу битен за да ги докомплетираме капиталните инвестиции во општина кавадарци а тоа се уште неколку кои треба да ги довршиме во целост да приходите и расхоодите ги сумираме и нормално на наредниот совет да имаме комплетен ребаланс за пеглање на овогодишниот буџет и да го заокружиме буџетот кој што јас мислам дека 80 или 90% ке биде сотварен и покрај лошата година и од минатава недела да ве инбформирам акако советници дека имавме состанок со сите урбани и месни заедници. Зарадаи пандемијата која што ја имавме не бевме во можност да одиме во самите месни и урбани заедници заради масовноста , беа поканети од урбаните заедници максимално до 10 луѓе и заедно со стручните служби и мене како градоначалник, ги сумиравме сите проблеми и во моментот општина кавадарци има направено 5 тима од по 4 стручни лица за да тоа што го побараа месните и урбаните заедници го видат на лице место, го поклопат со урбанистичките планови, го видем со реалноста , и врз основа на тоа да го спремаме наредниот буџет за 2021 година. Така да сакам да ве уверам дека и до сега но и овој буџет е најтранспарентно направен врз основа на барањата на урбаните и месните заеднициу. САе надеваме дека нема да дојде до полошо со пандемијата. Некогаш некои причини се и необјасиви но да бидеме и попретпазливи и поодговорни во рамки на самото општество. Благодарам.

**РИСТО САКАЛИЕВ :** Благодарам Градоначалник, доколки нема никој друг за збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

2. Предлог-Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2020/2021 (Зимска служба) ;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

3.Предлог-Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци (партиципативно тело);

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

4. Предлог-Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Кавадарци;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

5. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Урбана Единица -„1„ - дел од Блок 1.2, „Кожуфчанка„ - К.О.Кавадарци град, Општина Кавадарци, со плански период (2020-2025) ;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

6. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Бојанчиште Општина Кавадарци (плански период 2018-2028) ;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти за усогласување на намените на бесправно изградени објекти со намените на земјиштето;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

9. Предлог-Одлука за давање на согласност за реализација на идејниот Проект,, Урбано зеленило - Парк и поставување на урбана опрема на КП.бр. 12497/1, КО Кавадарци ,, (споменик ,,Ќиро Крстев,,) ;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

10. Предлог-Одлука за давање на донација - финансиски средства на Исламска Верска Заедница на Република Северна Македонија;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 18 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 18 гласа ЗА.

11. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движна ствар без надоместок на Исламска Верска Заедница на Република Северна Македонија (ревизија на основен проект);

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

12. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.13453/2 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање ;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

13. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација на садници за пошумување и озеленување на Градот Кавадарци од Здружение на граѓани “4 X 4 X 4 БАЛКАНСКИ МОСТОВИ” Скопје;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката заедно со амандманот ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

14. Предлог-Одлука за примање на донација – движни ствари - Десктоп Компјутери од ДММ Дрекслмајер Мануфактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци и давање на трајно користење на движните ствари на СОУ и ООУ на територијата на Општина Кавадарци;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

15. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

16. Предлог-Одлука за изменува и дополнување на Одлуката за основање мешовита установа од областа на културата (Културно социјален простор Подиум-ЈАДРО);

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 13 за, 6 воздржани Констатирам дека е усвоена точката со 13 гласа ЗА.

17. Предлог-Решение за именување на членови во Управен Одбор на„Културно социјален простор Подиум-ЈАДРО„ ;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 12 за, 7 воздржани Констатирам дека е усвоена точката со 12 гласа ЗА.

18. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци„ (совет на родители);

Отварам расправа , дали некој бара збор.

**ТОНИ НЕШКОВСКИ :** Почитувани градоначалник , почитуван претседател на совет, колеги советници и останати. Како советничка група околу оваа точка заземавме став да гласаме воздржано, поради една причина значи немаме ништо против овие предлози кои што ке влезат како членови на УО во Детската градинка. Воздржано гласаме поради една единствена работа а тоа е што мината седница премногу се исполитизира оваа точка од страна на колегите од СДСМ и им беше одземено правото на тие дав предлози за членови во УО кои што беа изгласанио од совет на родители . Според тоа мислам дека на минатите два предлози им беше одземено правото и ова не е точка која што треба да се политизира и не е точка каде што факаме политички поени туку да оставиме на совет на родители да одлучува кои ке бидат нивни членови во УО.

Се надевам дека колегите советници од СДСМ се задоволно од овие членови и се консултирани, незнам кој треба да ги консултира, поради тоа ние ке гласаме воздржано околу оваа точка. Благодарам.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЧОВ.:** Почитувани градоначалник , , колеги советници и останати. Најгласен бев на прошлиот совет за оваа точка, почитуваниот колега доктор кажа дека политика не треба да се меша во овие работи но ако не е политика да туриш жена на актуелен директор на Основно школо и висок фукнционер на ВМРО ДПМНЕ во Кавадарци и ако не е политика да туриш снаа за син на инспектор просветен од ВМРО ДПМНЕ, така да никој не ен консултирал и за овој предлог , може да ја прашате и директорката, не ни знам кој се консултирани. Но гледам дека чим има реакции луѓето се независни. Благодарам.

**ТОНИ НЕШКОВСКИ :** Контрареплика: Почитуван колега ние тука како советници сите претставуваме некоја политича партија но одговорно тврдам околу оваа точка и овие предлози за членови кои што се предложени од страна на совет на родители , ние какао политичка партија ниту знаеме ниту па имевме некако удел во нивниот избор. Почнавте на мешате фамилии и кажавте таму едниот претходен предлог бил снаа на инспектор а некажавте дека таа иста снаа е и сестра на ваш актуелен активист така да ние немаме ништо против тоа. Така да во овие работи каде што учествуваат луѓе кои што треба да превземат нешто за иднината на нашите деца не треба да политизираме, тука да оставиме советот на родители да си ги одбере најдобрите предлози.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ :** Контрареплика .. Значи вака советот на Општина Кавадарцисакаме или не е политилко тело. Неможете да избегате од фактот што прошлите два канндидата беа највисоки членови на вашата партија, ѓабе се браните, 11 години така ја терате и неможе веке така да ја терате, помирете се со тоа, пак ке ви кажам незнам ни кој се членови но добро е некој процес почна, се слагам со докторот да не се меша политика. Благодарам.

**ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА:** Почитувани градоначалник , почитуван претседател на совет, колеги советници и останати. Комисијата за мандатни прашања за членови на управен одбор од совет на родители ги предлага Александра Илиева и Јассмина Милкова Кимова.
За да нема недоразбирање во управниот одбор на Културно социјалниот простор се именуваат Стефан Видиков, Елена Данова и Дарко Алексовски, нивниот мандат е 4 години без право на реизбор.
Одиме со гласање на точка бр 18. Кој е за 12, 7 воздржани
Констатирам дека е усвоена точката со 12 гласа ЗА.

19. Измена на Годишен План за вработување за 2020 година на Локален Музеј Галерија Кавадарци, со арх.бр.01-141/2 од 16.10.2020 година, донесен од Директорот на Локален Музеј Галерија Кавадарци;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

20. Одлука со арх.бр.02-1435/3 од 16.10.2020 година за одобрување на договор за кредит, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Ова точка ни е изгласана сега одговорот е само која банка има добиено, ако барате појаснување и за одговор на јавноста одговор ке даде Градоначалникот.

**ГРАДОНАЧАЛНИК :** Почитувани , ова е одлука за одобрување на склучување на кредит, Имавме одлуки за одобрување на проект, за барање ан понуди... Целокупната инвестиција, она што го ветивме пред граѓаните за изградба на 5та мини хидроцентрала во сопственост на Општина Кавадарци и јавното претпријатие Комуналец, баш тоа е овој заем од Централна Кооперативна банка АД Скопје, која нуди најповолни услови врз основа на одлука на Управниот одбор на Комуналец, заемот е од 22 000 000 со рок на отплата од 4 г. Зошто толку краток рок бидејки сите анализи кажуваат дека оваа МХЕЦ за 4 години ке си ја врате инвестицијата а после натамошниот век од 20 години ке биде ќист приход на самото претпријатие.Ова е капитален проект и опосле неколку години од изградбата на 4те МХЕЦ еве сега дојде време да ја изградиме и оваа која што е уште тогаш проектирана. Некаден до мај или јуни оваа МХЕЦ ке биде во функција и ке носи приходи. Благодарам

**РИСТО САКАЛИЕВ :** Благодариме градоначалник, дали е доволно појаснувањето, ДА, точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

21. Извештај за работењето на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци со арх.бр 03-1982/3 од 21.10.2020 година за период од 01.01.2020-30.09.2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

22. Предлог-Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 и 2022 година;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

23. Предлог-Одлука за примање на донација – вибро ленти од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.Од советот и од граѓаните ан Општина Кавадарцио благодариме на донацијата.

24. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година(лекување)
Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

25. Предлог-Одлука за набавка на основни средства(инвалидски колички за хендикепирани)
Отварам расправа , дали некој бара збор.Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање.Кој е ЗА 19 за, еден против Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Колеги со ова е исцрпен дневниот ред и ја затварам 48та седница на совет на општина Кавадарци.Градоначалникот само сака да појасне за пазарот.

**ГРАДОНАЧАЛНИК :** и за јавноста и за вас, минатава недела на Влада помина договорот за заем за изградба на Градски зелен пазар со две подземни гаражи и пробивање на улицата Зелен пазар во двата смера со комплетно партерно и инфраструктурно уредување. Јас лично сум горд на тој проект што се стигна до една фаза на одобрување, заедно со службите и со Министертство за транспорт и врски успеавме земјиштето да си го впишиме на трајно користење во фаза е на издавање на градежна дозвола.л така да општината ке си издаде градежна дозвола и очекуваме за десетина дена тендерот да биде комплетно спремен да се распише и некаден после 10-15 го воведеме во работа изведувачот кој што ке биде избран на тендер.

Ова нека биде најава за сите трговци и за сите кои што вршат дејност околу самиот пазар. Алтернативата која што ке ја понудиме ке биде новиот пазар на Бул.Минчев, таму да функционира времено пазарот се додека се зиграде. Во тендерската документација рокот на изградба можеме да го направиме што пократок но очекувањата се дека по 9-10 месеци неможе да се изграде. Така да ако успееме за 10месеци да го зиградиме сепак е инвестиција од 100 000 000 денари ке бидем во една добра ситуација. Кавадарци ке добие пазар сокриен со две подземни гаражи со лифтови за качување на роба, со лифтови за посетителите и купувачите, модерни тезги, вентилација, колички за пазарење и тоа е модерен современ пазар. А исто така и улицата зелен пазар ке биде во функција.Така да овој совет и јас каако градоначалник и сите служби после толку време дојдоа до распишување на тендер за Зелен пазар. Благодарам

Изготвил : Стефанија Стоева

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Сакалиев**